Државниот инспекторат за животна средина преку Државен инспектор за животна средина Зоран Стојнев, со службена легитимација број 06-0023, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор Макпетрол Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје – Подружница бензинска станица бр.074 IV Штип,застапувано од Андреја Јосифовски со Записник бр.Ип1-29-116 од 10.02.2026 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 200 од став 1 точка 14 од Закон за животна средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015; 39/2016 и 99/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/2022 и 3/25) и член 117 став 1 од Законот за упарвување со отпад Закон за управување со отпад („Службен весник на Република Македонија" бр. 216/21 и 3/25) и член27 став1 алинеа 2 од Закон за инспекциски надзор во животната средина(Сл.весник на РСМ број 99/2022годи3/2025) донесе:

**РЕШЕНИЕ**

1)СЕ ЗАБРАНУВА на правниот субјект Макпетрол Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје – Подружница бензинска станица бр. 074 IV Штип да го собира транспортира и предава отпадот од сепараторите ( кој е опасен отпад) на правен субјект кој не поседува Дозвола за собирање и транспорт односно третман на таков вид на отпад.

1)СЕ ЗАДОЛЖУВА правниот субјект Макпетрол Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје – Подружница бензинска станица бр. 074 IV Штип да склучи Договор за собирање и транспорт на отпадот од чистење на сепаратор со правен субјект кој поседува Дозвола за собирање и транспорт на таков вид на отпад и постијниот сепратор да го исчисти, траспортните и идентификационите формулари од превземаниот отпад да ги достави во ДИЖС.

Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова Решение, изнесува **90(девеесет)** дена од ден на прием на Решението.

Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 2 на ова Решение, изнесува **60(шеесет)** дена од ден на прием на Решението.

1) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 и 2 на ова Решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

Образложение

Државниот инспекторат за животна средина врз основа на член 198 од став 1 од Закон за животна средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015; 39/2016 и 99/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/2022 и 3/25) и член 116 став 1 од Закон за управување со отпад („Службен весник на Република Македонија" бр. 216/21и 3/25)преку државен инспектор Зоран Стојнев, со службена легитимација број 06-0023, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор Макпетрол Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје – Подружница бензинска станица 074 IV Штип и со Записник бр.Ип1-29-116 од 10.02.2026, ја утврди фактичката состојба:

Извршен е вонреден инспекциски надзор во правниот субјект Макпетрол Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје – Подружница бензинска станица бр.074 IV Штип по издадена наредба со бр. 02-70/5 од 05.02.2025 година. Од извршениот увид е констатирано дека правниот субјект поседува Елаборат за заштита на животната средина одобрен од МЖСПП со бр. 11-6656/2 од 22.09.2010 година. Одговорното лице, извести дека Макпетрол Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје – Подружница бензинска станица бр. 074 IV Штип има склучен Договор со правниот субјект Мечико ДООЕЛ Скопје за тековно одржување, чистење одвоз на масло, тиња и земја од сепаратори за масла, и дека истиот не поседува Дозвола за собирање и транспорт на опасен отпад.

**ПРАВНА ПОУКА**

Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка, во рок од 15 дена од приемот на решението.

**Решено во Државниот инспекторат за животна средина под број Ип1-29-116 од 10.02.2026 година**

Државен инспектор за животна средина

**Зоран Стојнев**

**М.П.**

---------------------------------------------------

со службена легитимација

број 06-0023 од 17.05.2022год.